РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-1227
28.12.2016 година
СКОПЈЕ

Република Македонија
Универзитет "Св.Климент Охридски"-Битола
Научен институт за тутун - Прилеп

| ПРИМЕНО: | 28.12.2016 | |
|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилози |
| 16 | 1240/2 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма по Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун, трет циклус тригодишни студии на Научен институт за тутун Прилеп при Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма по Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун, трет циклус тригодишни студии на Научен институт за тутун Прилеп при Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

3. По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр.12-252/2 од 13.05.2016 година за акредитација на студиската програма по Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун, трет циклус тригодишни студии на Научен институт за тутун Прилеп при Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола, се обрати со барање бр. 08-821/1 од 07.06.2016 година, до Министерството за образование и наука, под наш број УП 1 бр. 14-1227 од 10.06.2016 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма по Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун, трет циклус тригодишни студии на Научен институт за тутун Прилеп при Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-3333 од 23.12.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 26.12.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-1227 од 23.12.2016 година, каде е наведено дека за студиската програма по Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун, трет циклус тригодишни студии на Научен институт за тутун Прилеп при Универзитетот „Св.Климент Охридски" во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 4 СКОПЈЕ

Доставено до:
- Примач
- Архива

изготвил: Биљана Зафировска
прегледал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити